## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто петата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 3 април 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата покатени се претседателот на РМ, г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на РМ.

Записникот од Шеесет и втората седница на Собранието ви е доставен.

Дали има некои забелешки на записникот. (Нема)

Констатирам дека Записникот од Шеесет и втората седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Оваа седница е свикана заради разгледување на Предлогот на просторниот план на Република Македонија.

Бидејќи при утврдувањето на дневниот ред на една од претходните седници, Собранието одлучи Предлогот на просторниот план на РМ, да биде разгледан на посебна седница, предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкуно гласале 65 пратеника.

За гласале 55, воздржани гласале 2, против гласале 8,

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Пр9длог на просторниот план на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласал9 вкупно 72 пратеници, за гласал9 67 пратеници, воздржано не гласал никој, против гласал 95 пратеници.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред.

Пр9длог на просторниот план на Република Македонија.

Предлогот на просторниот план и извештаите на работните тела на Собраието ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Има збор г. пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас се пријавив по повод дневниот ред, бидејќи нашата пратеничка група достави предлог за уште една точка да биде ставена за оваа седница во дневниот ред, меѓутоа, не ми дадовте збор да ја објаснам итноста да се стави оваа точка во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На првата наредна седница што ќе ја закажеме, ќе биде ставена на дневен ред.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Дали може да дадам објаснување. Јас се јавив за збор, меѓутоа, вие не ме забележавте. Јас не ви замерувам, веројатно, не сте погледнале добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас не погледнав, затоа што за тоа нема расправа. Предлогот го дадов на гласање.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе, вие можете со гласање да ја одбиете точката од дневниот ред, меѓутоа, не можете да ми забраните да предложам нова точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема можност. Собранието реши.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не ми дадовте збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема расправа. Како да ви дадам збор? Јас дадов предлог и го ставив на гласање. Така е по Деловникот. Кога отвораме расправа за дневниот ред, тогаш ќе предложите. Сега не можете.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине претседателе. Јас не се сеќавам дека сме се договориле некогаш дека ќе расправаме само по оваа точка на дневниот ред, бидејќи тоа денеска го утврдуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Штом се сеќавате вие, а јас не знам, требаше да ја следите седницата. Видовте дека Собранието одлучи да нема

дополнителни точки на дневниот ред. Се едно што сте се јавиле пред тоа.

Вие како да не разбирате што ви кажувам. Јас како претседател на Собранието, кој претседава со седницата имам право по Деловникот да предложам да нема други точки на дневен ред. По тоа не се расправа. Не можете да се јавите за збор по тоа. Штом Собранието тоа го усвоило, готово е. Тоа е што се однесува до Деловникот. Ви благодарам г. Китановски.

Има збор г. пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, господине министре.

Предлог просторниот план на Република Македонија, беше предложен од тогашниот министер, г. Душко Кадиевски, министер за урбанизам и градежништво. И ние бевме тогаш во 1999 година едни од иницијаторите да се повлече дискусијата по Предлогот просторниот план на Република Македонија, поради одредена диспропорција на планираното развивање од геостратегиските карактеристики, социјалекономските основи на просторното планирање и тн. Значи, согледавме некои диспропорции и регионални диспропорици, морам да признаам и предложивме да се повлече Законот и министерот тие наши сугестии да ги разгледа и да го предложи на Собранието, знаејќи дека е еден многу важен проект кој меѓународните институции исто го бараат. Но ние гледаме дека немаме никакви измени, што се однесува до нашите сугестии дадени во тоа време и како пратеничка група, ние имавме состанок и замолуваме да има еден час пауза за тоа и во меѓувреме, доколку е тоа можно, затоа што нема никакви измени на овој Предлог просторен план на Република Македонија, во однос на нашите сугестии за таа диспропорција на планираното развивање на Република Македонија, да се повлече доколку е можно, затоа што ова не е закон, но сепак, е одредена рамка за развивање на регионите на Република Македонија, на општините и тн., и сепак е една рамка која може би десет или дваесет години може да не вовлече во ситуација да нема да имаме излез и затоа, јас мислам дека не треба толку да брзаме, туку мислам дека за да имаме еден квалитетен закон, односно просторен план на Република Македонија, треба да имаме барем одреден концепт на сите чинители, затоа што се работи за просторен план и барем тука да нема диспропорција на планираното развивање.

Затоа г. претседателе, во име на пратеничката група бараме еден час пауза, а по можност во меѓу време да се консултираме со одредени пратенички групи дали денеска да расправаме, или да не расправаме, или да распрваме некој друг ден, за да се уважат, барем нашите сугестии од експертите и да ни го поднесат и со тоа правно и деловнички министерот може да го повлече, па затоа, барам еден час пауза да се консултираме меѓу себе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза до 15,30 часот.

По паузата со седницата продолжува да претседава г. Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас сакам да дадам образложение за што се договоривме во меѓувреме.

Нашата пратеничка група имајќи предвид дека навистина Законот за просторниот план е многу важен за Македонија и нашата пратеничка група, нашите сугестии сака да ги оформи во вид на амандмани. Имаме доста амандмани и се договоривме и со министерот, доколку е можно да се одложи, барем за една недела дебатата по оваа точка, за да можеме да се договориме што е можеби прифатливо, барем просторниот план да помине со еден вид на консензус.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи за општа расправа. Ние можеме во амандманскиот дел, ако се усогласите со предлагачот, тоа е одвоено прашање и мислам дека се исполнети условите за општа расправа. Доколку нема општа расправа, тогаш би се прифатил генерално вашиот предлог.

Има збор г. министер.

**ВЛАДИМИР ЏАБИРСКИ:**

Мислам дека предлогот е во ред и се прифаќа да се одложи за една недела. Меѓутоа, не повеќе. Бидејќи се работи за општата расправа, бидејќи сметаме дека навистина се работи за стратешки документ, мислам дека треба да дадеме шанса, со оглед на тоа дека овој документ е во собраниска распрва веќе три години, можеби треба да ги усогласиме амандманите, за да помине едногласно.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, од името на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, сакам да го кажам следното: оваа денешна седница е закажана токму по инсистирање на Владата, оваа точка да се најде на дневен ред после толку време од 1999 година, и затоа, мислам дека треба да и дадеме една сериозност и барем во нашиот мандат, овој Предлог просторен план да го разгледаме.

Според тоа, овој предлог кој произлезе од координаторот на ДПА, јас би го преформулирал, нас ништо не е спречува да ја отпочнеме општата расправа по овој предлог-план, а за амандманската расправа нека се вклучат во оној момент кога ќе дојде таа расправа.

Исто така, сакам да спомнам дека седницата по оваа точка отпочна 1999 година, и беше прекината токму поради припремање на амандмани. Имало долго време тие амандмани да бидат припремени и нема потреба да се одложува барем општиот претрес. Тоа е едно г. потпретседателе. Јас би сакал да дадам и една друга процедурална забелешка. Овдека до нас е доставено едно барање од пратеничката група на СДСМ со кои што се бара денешната седница да трае до 17,00 часот. Јас би сакал да прашам дали овој предлог од СДСМ е прифатен, со оглед на тоа што претседателот на Собранието не не извести до колку часот ќе работиме, поточно, дали го прифати ова барање на СДСМ, или ќе треба ние да се произнесеме по него.

Јас како заменик координатор, би сакал да бидам солидарен со СДСМ, во секој случај да му дадеме простор да се подготват за она што го наумиле. Иако овде не гледам која е целта на одложувањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова прашање директно е упатено до СДСМ и било практика ако една пратеничка група бара одлагање, до колку часот да работиме, да се прифати.

СДСМ е категоричен денеска седницата да трае до 17,00 часот, поради однапред планирани обврски на политичката партија. Што се тие нејзини обврски, доколку сака координаторот да објасни, добро, бидејќи е општа одредница, поради потреба и ангажман од другата политичка партија. Координаторот и е во обврска и не е во обврска. Јас практично го повикав координаторот на СДСМ да ги каже намерите и што е планирано, доколку не е тајна, се разбира.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако ме прозивате г. потпретседателе, јас писмено вчера го известив господинот претседател и немам намера на вас, ниту на г. Жарко Караџоски да му објаснувам зошто барам седницата да трае до 17,00 часот.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине потпретседателе, ми се чини дека на некој начин внесовте забуна. Јас не го повикав координаторот на СДСМ да ми објасни зошто бара. Јас само прашав, дали вие како Претседателство, претседателот на Собранието и вие го прифативме нивното барање. Инаку, ниту побарав да ми се образложува, ниту такво право имам, меѓутоа, го кажав ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дека ние ќе се солидализираме, поточно ќе го поддржиме ова барање за да им излеземе во пресрет за она што го наумиле да се припремат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека не е коректно, причината за пропаѓањето на оваа седница и точката на дневниот ред да се образложи само со активноста на СДСМ. Ние тоа многу ретко го практикуваме во работата на Собранието, или исклучително, кога кажуваме ден пред тоа дека имаме закажано партиски активности и дека бараме разбирање седницата да трае до одреден временски период. Ние се обидуваме почнувајќи од 11,00 часот да создадеме кворум во Собранието, а парламентарното мнозинство за тоа не чувствува никаква одговорност, а вината зошто, еве еден час пред 17,00 дека не може да се расправа по оваа точка да биде еве, активноста на СДСМ. Мислам дека тоа е крајно не коректно. Ако ништо друго, за јавноста.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не реков дека бараме вина на некој.

Има збор г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Мене навистина ми е жал ако денеска не одржиме седница. Не навлегувам во аргументацијата што последниот дискутант ја искажа. Навистина, во тој дел е во право, бидејќи на секоја пратеничка група што до сега заради партиски активности барала одложување на седници, тоа било задоволувано. Меѓутоа, една работа не

можам како пратеник да не ја спомнам, дека некако по некоја коенциденција, дали случајно, или намерно се случува токму по желба на СДСМ, неколку седници по ред не можат да се одржат.

Прво, имавте барање по повод точката за загубарите, дали да биде прва или 19-та, баравте два часа пауза, па потоа испративте официјално писмо дека не треба да има седница, заради тоа што цените дека треба да имате натамошни консултации. Тогаш седницата пропадна по утврдениот дневен ред.

Вчера не можевме да работиме од причина што и до сега имало практика во Собранието, ако еден министер не е тука, а има претставници на други министерства да продолжиме и вон востановениот дневен ред, заради тоа што сепак, точката на дневен ред ќе се најде. Тука мислам на Законот за спречување на корупција од причина што толку многу врева без потребно се крена во која што се разбира имаме наш удел што како парламентарно мнозинство што не бевме во добар дел тука. Меѓутоа, излезе дека законот не сакаме да го носиме намерно, а ве уверувам дека нема никаква резерва во неговото донесување. Така што, вчера можеше комплетно да се продолжи и покрај тоа што министерот за правда, очигледно и неговиот заменик имале некои обврски, што не можеле да се појават. Меѓутоа, седницата веќе беше прекината и да сакаат да присуствуваат.

Јас за жал, морам тоа да го констатирам, затоа што е дел од вистината. Инаку, за оваа ваша денешна определба апсолутно, не навлегувам, бидејќи тоа е право на секоја пратеничка група, заради свои партиски активности да бара седницата да трае до определен рок.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Јас не мислев да интервенирам процедурално, дали можеме да пристапиме по дебатата. Јас би сакал да се произнесам околу Предлогот на просторниот план.

Господине потпретседателе, јас не сакам да се вклучам во процедуралната расправа. Мислам дека све е јасно, освен желбата која не ја споделувам да се "минира" Собранието. Јас би сакал да зборувам за темата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имаме една процедурална пречка. Господинот Замир Дика, побара согласност од претставникот, односно министерот да се одложи седницата и некои прашања кои требало амандмански да се уредат, тоа да го направат во рок од 10 дена. Имаме една согласност, значи, по чии предлог е закажана седницата дека се согласуваме а практично ние не треба повеќе и да работиме. Затоа, оваа седница накнадно ќе биде закажана.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Потпретседателе, почитувани колеги,

За да бидеме рационални, односно во доволен број, ако е ова дефинитивно, тогаш би можеле, а јас ова го давам како предлог, законите што беа од економската сфера, ако постои согласност да поминат сите, нормално, доколку има претставник од Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи нема претставник од Владата, седницата се прекинува и ќе биде закажана по писмен пат, накнадно.

(седницата прекина во 15,50 часот).